**СООПШТЕНИЕ**

**ЗА ПРВА ИСПИТНА СЕСИЈА ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

СЕ ИЗВЕСТУВААТ РЕДОВНИТЕ И ВОНРЕДНИТЕ СТУДЕНТИ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ, ДЕКА **ПРВАТА ИСПИТНА СЕСИЈА ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА** ЌЕ СЕ ОДВИВА ОД:

**16 јануари 2024 до 14 февруари 2024 (две декади)**

- 19.01.2024 г. е неработен ден, Богојавление-Водици (православна вероисповед),
- 27.01.2024 г. е неработен ден, Свети Сава (српската заедница)

**ТЕРМИНИТЕ** ги објавуваат институтите при факултетот.

ПРИ ПРАВЕЊЕТО НА РАСПОРЕДОТ ТРЕБА ДА СЕ ВНИМАВА ПОМЕЃУ ТЕРМИНИТЕ ОД ПРВАТА И ВТОРАТА ДЕКАДА, ДА ИМА МИНИМУМ 10 ДЕНА (согласно чл.45, од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ, бр.417, 29 јануари 2019).

Студентите во првата испитна сесија, можат да полагаат испити слушани во зимскиот семестар во уч.2023/2024 година и во летниот семестар во уч.2022/2023 година, како и да им е уредно запишан зимскиот семестар во уч. 2023/2024 година.

**НАПОМЕНА 1 -** начин на пријавување на испитите

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЕЛЕКТРОНСКОТО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ** ВО **ПРВАТА ИСПИТНА СЕСИЈА** ВО УЧ.2023/2024 ГОДИНА, ВО I-KNOW СИСТЕМОТ, ЌЕ СЕ ОДВИВА ОД:

**05.12.2023 од 15.01.2024 ГОДИНА**

Право на полагање на испит, ќе имаат само оние студенти кои **уредно ќе го пријават испитот.**

| **Што значи уредно пријавен испит?** |
|---|
| 1. Студентот задолжително треба да го пријави испитот електронски , преку својот профил во iknow системот. (кратко упатство, подоле)<br>2. Студентот покрај задолжителното електронско пријавување на испитот, на денот на полагање на испитот треба да носи со себе индекс и пријава за испит (хартија) |

**НАПОМЕНА 2**

**САМО** ВОНРЕДНИТЕ СТУДЕНТИ И РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ, КОИ СЕ ПРЕФРЛЕНИ ПО НОВА СТУДИСКА ПРОГРАМА, ПРИ ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЕКОЈ ИСПИТ ЗАЕДНО СО ПРИЈАВАТА ЗА ИСПИТ ТРЕБА ДА ДОСТАВАТ УПЛАТНИЦА ЗА УПЛАТЕНИ **200,00 ДЕНАРИ** ЗА ИСПИТ, УПЛАТЕНИ НА ЖИРО-СМЕТКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ:

**образец ПП50**:

- назив и седиште на примач ПМФ – СКОПЈЕ
- банка на примач НБРСМ
- трансакциска сметка 100000000063095
- сметка на буџетски корисник на пмф 1600110804 788 19
- приходна шифра програма начин 723013 - 41 – 2
- цел на дознака за испит
- износ 200,00

**НАПОМЕНА 3** ЗАВЕРУВАЊЕ НА ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР ОД УЧ.2023/2024 Г. И ЗАПИШУВАЊЕТО НА ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР ВО УЧ. 2023/2024 ГОДИНА, ЌЕ СЕ ОДВИВА ВО ПЕРИОДОТ ОД: **07.02.2024 до 23.02.2024**

Соопштението за начинот на организација на целиот процес на административното заверување на зимскиот семестар од уч.2023/2024 година и уписот на летниот семестар во уч.2023/2024 година, ќе биде дополнително објавено.

НАСТАВАТА во летниот семестар во уч.2023/2024 г. ќе се одвива од: **19.02.2024 до 31.05.2024**

**НАПОМЕНА 4** Студентите треба да ги почитуваат напомените, затоа што крајна цел е на студентите да им се олесни процедурата на добивање оценка во хартиена пријава на крајот на секоја испитна сесија и да се елиминира проблемот на студентски досиеја во кои недостигаат голем дел хартиени пријави за положени испити, особено пред дипломирање. Се пријавуваат сите испити кои студентот планира да ги полага во сесијата. Студентите кои предметите ги полагаат преку колоквиуми, исто така треба да ги пријават електронски испитите.

Сите студенти на Природно-математичкиот факултет-Скопје испитите ги пријавуваат преку својот профил во iknow системот, без разлика каде ги слушале.

Студентите, уплаќаат 400,00 ден. надоместок за задоцнето пријавување испит/и (цел на дознака), без разлика на бројот на испити, односно електронско пријавување на испити по рокот, доколку не пријавиле испит во дефинираниот рок.

**сите уплати се вршат на образец ПП50**:

- назив и седиште на примач ПМФ – Скопје
- банка на примач НБРСМ
- трансакциска сметка 100000000063095
- сметка на буџетски корисник на ПМФ 1600110804 788 19
- приходна шифра програма начин 723013 - 41 – 2
- цел на дознака надоместок за задоцнето пријавување испит/и
- износ 400,00

Студентите треба да го проверат распоредот на испити, доколку има термини за полагање во декадите во сесијата, кои не се временски поминати во моментот кога електронски го пријавуваат испитот со задоцнување (задоцнетото пријавување да е пред терминот за полагање).

Студентите, треба да дојдат на шалтерот на одделението за студентски прашања, приложуавјќи уплатница или доколку не можат да физички да дојдат, да се обратат со порака на електронските адреси од одделението (наведени подоле), со прилог уплатница, број на индекс и кои испити треба да се пријават.

**<u>ПОДРШКА и комуникација со студентите</u>**

Доколку имате недоследности поврзани со податоците во вашето електронско досие (предмети, испити и сл.) пратете електронска порака со опис на проблемот, број на индекс, на одговорните во Одделението за студентски прашања на следниве електронски адреси:

-lidija.mitevska@pmf.ukim.mk (сите студиски програми на Институтот за билогија (освен студиската програма молекуларна биологија со генетика) и двопредметни студии по биологија–хемија);

-ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk (сите студиски програми на Институтите за: математика, физика, географија, етнологија и антропологија и двопредметни студии по математика-физика)

-elenad@pmf.ukim.mk (сите студиски програми на Институтот за хемија и студиската програма молекуларна биологија со генетика на Институтот за биологија),

-keti@pmf.ukim.mk Раководител на Одделението за студентски прашања

За технички проблеми (заборавена лозинка, промена на електронска адреса и сл.), пратете порака, во која задолжително да се напише опис на проблемот, име и презиме на студент и електронска адреса со која е регистриран во системот, на следнава електронска адреса: stefan@pmf.ukim.mk

**<u>Кратко упатство</u>**:

<u>Во полето</u> "пријави" студентот треба да прати електронска пријава за испит за некој од запишаните предмети. Во ова поле се евидентираат сите испратени пријави од студентот за полагање на одредени предмети. Пријавувањето на предметите за полагање е овозможено само во период означен од одделението за студентски прашања. Во табела се прикажуваат сите предмети кои сте ги слушале и можете да ги пријавите. Предметите кои сакате да ги пријавите ги „чекиравте" во полето од последната колона и од паѓачкото мени со понудени професори го избирате оној кај кој сте го слушале предметот. Со кликање на копчето "пријави" одбраните предмети се пријавуваат за одбраната сесија. Подоле во табела се прикажуваат сите пријавени предмети за следниот семестар.

12.12.2023 година — од деканатот